РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 953/2
04 -03- 2021

Врз основа на член 22 став 1 в.в член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 46 та седница одржана на ден 12.02.2021 година, донесе

## ОДЛУКА

**Се констатира состојба на судир на интереси, кај лицето** ------- – В.Д Директор на -----------, затоа што по именување на наведената функција, продолжило како сопственик да управува со трговско друштво ДПТУ -----------, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Согласно член 114 став 3 в.в со член 45 став 1 и казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се поведува постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог против службеното лице ---------, В.Д ------------.

## Образложение

Предметот со број 09-953/1 од 01.03.2021 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на редовна проверка на Образецот - Изјавите за интереси поднесена од ----------- - В.Д Директор на -------------, поради тоа што по именување на наведената функција, управувала како сопственик со трговско друштво ДПТУ ------------, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Имено, согласно наведениот член:

*(1) Лице кое стапува на функција на избрано или* ***именувано*** *лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално,* ***доколку управува со трговско друштво*** *или установа како сопственик, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.*

Лицето ---------- со акт 09-4108/3 од 15.09.2020 година е именувано за ВД ------------ . По проверка во Дистрибутивен систем на Централен Регистар на Република Северна Македонија на ден 12.02.2021 година е утврдено дека наведеното лице е управител со трговско друштво ДПТУ ------------.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси оваа Одлука се доставува до службеното лице -----------, ВД ------------ со која му се укажува на неопходноста да го отстрани судирот на интереси, односно управувањето со трговско друштво ДПТУ ----------- да го довери на друго лице или тело, освен на членовите на неговото семејство.

Службеното лице потребно е да ја извести ДКСК со приложување на доказ за постапувањето во рок од 15 дена од доставување на оваа одлука.

**Правна поука: Против оваа одлука може да се поведе Управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на оваа одлука.**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: С.М – виш соработник
Одобрил: Н.Б-член на ДКСК